# *1994-1995*

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

Иако нашата линија е отворена за сите возрасни групи, најфрекфентни соговорници (94,4%) како што може да претпоставиме беа деца и адолесценти и тоа женски во огромен процент, а само 11,95% машки. Податоците се во склад со постоечките сознанија на психологијата на адолесценцијата - дека младите луѓе во потрага по својот идентитет, љубопитно се отвораат за разни форми и модели на комуникација од кои очекуваат информации, инструкции, умеења и најмногу од се подршка во обликувањето на својата личност. Доминацијата на женските соговорници ја објаснуваме со социјалната фацилитација кон женскиот пол кога е во прашање отворање на својата интима и барање помош од други.

Во најголем број случаи (54,72%) мотив за јавување бил проблем во меѓуполовите односи. Младите кои штотуку навлегле во оваа сфера на животот, збунети и без искуство, како и без соодветен пријателски соговорник, ни се обраќаат да ги поделат со нас своите љубовни проблеми (прва симпатија, вљубеност, интимни односи, несакана бременост и заштита, разочарувања, неверства, напуштеност и сл.).

*Зошто е полесно да се разговара на овие важни теми со анонимен волонтер, отколку со родител, наставник, училишен психолог или педагог?*

Претпоставуваме можен емпириски одговор, а истражувачките институти нека го проверат: обременетост со традиционалното патријархално табу на вакви теми, слаба комуникација меѓу родителите и децата особено во "деликатните области" на животот.

На *второ место* по застапеност (14%) се јавувања мотивирани од лични проблеми, најчесто од емоционална природа (срамежливост, осаменост, неприлагоденост, комплекси, лажење и сл.). И овој мотив говори слично на претходниот - таму каде семејниот контакт е нарушен, за себе се разговара со луѓе однадвор.

Посебно интересна категорија јавувања се поттикнати од семејниот живот (8,7%): разводи, недоразбирања меѓу родители, меѓу родители и

деца, нарушени семејни односи поради алкохолизам на родител, насилства во домот и сл. Понекогаш јавувачи се родители или баби и дедовци за проблем на своето дете или внук кој застранил во криминогено однесување, лошо друштво, дрога, алкохол и сл. Кога наш соговорник во вакво својство е дете, со малку знаење и искуство, но со многу добра волја да го врати мирот во семејството, се осведочуваме во две нешта: колку погубно се рефлектираат сегашните општествени односи врз денешното семејство, особено врз неговиот најкревок сегмент - децата и колкава може да биде одговорноста и свесноста на детето, кое, како социјално инфериорно, со мошне ограничена реална моќ, очајнички се обидува да им помогне на родителите. Доаѓаме до жалосно сознание дека добар дел од децата не го живеат безгрижно своето детство. Тоа се деца чии родители се вдадени во трка по збогатување: трговци, занаетчии, "бизнисмени") по професија и кариера, или заробени од секојдневна борба за опстанок.

Дел од јавувањата се информативни (8,2). Децата прашуваат за она што ги интересира од разни области на знаења, мотивирани од љубопитност и желба за сознавање.

Понекогаш училишните проблеми се повод за разговор (4,9%): ученици и студенти кои неуспешно учат, се жалат на деконцентрираност, трема, неефикасност, конфликт со учител и сл. Од нив констатираме дека нашите педагошко-психолошки служби се уште не се доволно блиски и во служба на учениците, поради што овие ги "заобиколуваат" при решавање на училишните проблеми.

Мал број јавувања (3,5%) се жртви на насилство од различна форма (психичко, физичко, вербално, економско). Од нив гледаме дека насилството е присутно дури и во семејството, иако често суптилно прикриено (уцени, навреди, притисок).

Јавувачи со проблем на зависност (2,9%) се една ретка но сериозна категорија млади кои се на пат кон алкохолизам, дрога, никотинизам. Веројатно се далеку побројни отколку се осмелуваат да се јават.

***Резиме:*** од досегашната работа на SOS телефонот извлековме неколку основни сознанија за нашите јавувачи, кои ги генерализираме со доза на оградување и предострожност, со оглед на нивната ad hoc оформеност:

1. Нашите јавувачи се деца и млади (претежно) кои за себе најинтимно проговоруваат со анонимно лице поскоро одошто со познато и конкретно лице од својот живот.
2. Самиот факт што посегнале по овој телефон зборува за постоење на некој емотивен вакуум во семејството, училиштето, партнерскиот однос - или таму каде проблемот веќе се јавил и каде е логично да биде третиран. Кога проблемите би ги разрешувале на правото место, SOS апелите би биле реткост.
3. Рапидно опаѓа квантитетот и квалитетот на емотивниот контакт на младите со непосредната средина (дом, училиште, работа, група на врсници).
4.Заеднички карактеристики за повеќето деца и млади се осаменоста, отуѓеноста, агресијата и чувството на безнадежност.

Токму во таков личен и општествен контекст цениме дека е потребно и битно функционирањето на нашата SOS служба, нејзино популаризирање во медиумите за превентивно и информативно дејствување меѓу младите.

**ВКУПНО ПОВИЦИ :** во периодот од Ноември 1994 до Ноември 1995 година, на SOS телефонот за деца и млади имеше вкупно 4609 повици. Од нив разговори беа 2543 и 67 средби, односно директни разговори во просториите на Првата Детска Амбасада во Светот.

**ЈАВУВАЧИ -** ДЕЦА И АДОЛЕСЦЕНТИ: 94,4%.

Според половата застапеност: само 11,95% биле машки. Според возраста:

- деца помали од 12 години 13 %. Од нив 2,6% биле машки;
- деца од 13 до 16 години 70,7 %. Од нив 5,11% машки;
- деца од 17 до 21 година 10,7%. Од нив 4,24% машки.

ВОЗРАСНИ: 5,6%. Од нив 3,4% родители.

## МОТИВИ ЗА ЈАВУВАЊЕ КАЈ ДЕЦАТА

1. Меѓу полови 54,72% - стапување во интимни односи - малолетничка бременост - прашања
2. Интимни, лични 14,0%

- емоционални, осаменост, срамежливост, трема, искомплексираност дебела, грда), краде, лаже и сл.

3. Проблеми во семејството 8,7% - разводи - недоразбирања - комуникации

4. Прашања 8,2%

5. Училишни 4,9% - бегање од часови - учење - страв од оценки, професори - конфликти со професори

6. Злоставувања 3,5% - сексуални - физички - вербални

7. Зависности 2,9% - пушење - алкохол - дрога

8. Комбинирани 3,08%

**<u>МОТИВИ ЗА ЈАВУВАЊЕ КАЈ ВОЗРАСНИТЕ</u>**

- односи во семејството - воспитување на децата

- училишни проблеми - болести и зависности кај децата

**<u>ЛОКАЦИЈА НА ЈАВУВАЧИТЕ</u>**

- Скопје и населбите 52%; - Другите градови 38,60%;

- Селски населби 6,5%; - Без локација 2,9%.

## *1995-1996*

## (полугодишен извештај)

**Табела бр.1**

| [ESTMESE^EN STATISTI^KI IZVE[TAJ ZA RABOTATA NA YOY TELEFONOT ZA DECA I MLADI PRI PRVATA DETSKA AMBASADA NA SVETOT | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| MESEC | BROJ NA JAVUVAWA | BROJ NA RAZGOVORI | DO 12 GOD VOZRAST | OD 13-18 G. | NAD 18 G. |
| DEKEMVRI '95 | 79 | 45 | 2 | 38 | 5 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **JANUARI '96** | **81** | **28** | **0** | **17** | **11** |
| **FEVRUARI '96** | **127** | **47** | **3** | **30** | **14** |
| **MART '96** | **118** | **44** | **3** | **34** | **7** |
| **APRIL '96** | **97** | **25** | **0** | **22** | **3** |
| **MAJ '96** | **74** | **35** | **0** | **24** | **1** |
| **VKUPNO:** | **576** | **224** | **8** | **165** | **41** |

Од декември ´95 до - мај ´96 на SOS телефонот за деца и млади се реализирани вкупно 576 разговори од кои 224 се лични (разговори за одредени проблеми) и 7 разговори во директен контакт.

Нашите соговорници се хетерогена популација по пол, возраст, вид на проблеми и место на јавување, така што ги анализиравме токму по тие параметри. Статистичката обработка на овие податоци ги покажа следниве резултати:

- Според параметарот **ПОЛ**, и натаму, како и досега, доминираат женски јавувачи (85%), а многу поретко машки (15%). Се чини, на женскиот пол му е полесно да ја сподели својата интима со други.
- Според параметарот **ВОЗРАСТ**, нашите субјекти ги класифициравме во три категории: до 12 год; од 13 до 18 г; над 18 г. Најмалку јавувачи имаме од првата (3,57%), најмногу од категоријата адолесценти (73,66% од 13 до 18 години и 18.30% над 18 години). Досегашната пракса ја потврдува оваа категорија како љубопитна, отворена кон животот и спремна за комуникација далеку повеќе од други возрасти. Младите обично бараат информации од одредени области, консултации околу прашања актуелни за нив, подршка на нивната личност или обичен разговор како размена на мислење.
- Според параметарот **МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ**, мноштвото соговорници се од Скопје (над 60%), а помалку од другите градови. Имаме повици од цела Македонија.
- Според параметарот **ВИД НА ПРОБЛЕМОТ,** разликуваме повеќе категории јавувачи:
    - **Јавувачи со проблеми во меѓуполови односи (44,6%);**
    - **Јавувачи со лични проблеми (15,2%);**

- **Семејни проблеми (11,2%);**
- **Насилство (8,6%);**
- **Комбинирани проблеми (7,4%);**
- **Училишни (4,9%);**
- **Односи со другари (4,9%) и**
- **Друго (3,1%).**

На прво место, најчест мотив за јавување кај младите се ЉУБОВНИ ПРОБЛЕМИ (наоѓање партнер, задржување на партнер, брак и интимни односи, несакана бременост и заштита, неверства, напуштеност...

На второ место се повици мотивирани од ЛИЧНИ ПРОБЛЕМИ (стравови, фобии, сексуални проблеми, комплекси, неприлагоденост, срамежливост, осаменост, несигурност и друго). Прилично отворено зборуваат за себе, мотивирани од желба да си помогнат.

Со СЕМЕЈНИ ПРОБЛЕМИ (нарушени брачни односи, односи родители - деца, алкохолизам, наркоманија или психичко растројство на семејството) се јавуваат возрасни, но и деца. Овие повици, споредени со истите од 1994/´95 се во пораст (**од 8,7% на 11,2%**). Заклучуваме дека во денешното семејство децата често страдаат, свесни се за семејните проблеми и одговорно бараат излез со спремност да им помогнат на родителите.

Забележливо е, исто така, зголемување на процентот на повици мотивирани од разни форми на НАСИЛСТВА (вербално, физичко, економско, кршење на правата на децата и др.). **Овој процент е 8,6% и во споредба со истиот од ´95 година (3,5%) е удвоен, односно за 5,1 % е поголем, или за насилство на SOS телефонот се јавиле 20 деца за последниве шест месеци. Исто така, во рамките на другите служби на Амбасадата, евидентирани се 22 пријави од страна на родители и наставници за насилства врз децата и груби кршења на детските права и злоупотреба на деца**.

Понекогаш нашите јавувачи се ученици, студенти со ПРОБЛЕМИ ВО УЧЕЊЕТО (слаба концентрација, немотивираност, трема,

недисциплина, лош однос наставник-учител и слично). Очекуваат совет како поуспешно да учат, да совладаат трема, да поправат слаби и слично.

НЕДОРАЗБИРАЊА МЕЃУ ДРУГАРИ (ривалство, љубомора, лутина, конфликти) се мотив на мал број јавувања. Самиот повик зборува за добрата волја да го изгладат спорот и да градат здрав другарски однос. Остатокот на повици се прашања и информирања од разни области, бидејќи младите се љубопитни за се.

## ПРИЈАВИ НА НАСИЛСТВА

Од декември ´95 до мај ´96 на SOS телефонот за деца и млади, но и во рамките на другите служби на Амбасадата, како што се Одборот за заштита на деца од сексуална злоупотреба и Одделот за детски права, пристигнаа 22 пријави од 18 се однесуваат на психо-физички малтретирања врз деца и сексуална злоупотреба, една пријава е за подведување на малолетни лица во наркоманија, две пријави за тешки телесни повреди на деца нанесени од страна на наставници и една пријава за грабнато дете.

За сите пријавени случаи е гарантирана дискреција, но кога е потребно, а во согласност со јавувачите и миелењето на Одделот за детски права, кој го сочинуваат родители и специјалисти од повеќе области, се одлучува и можноста од јавна осуда и барање заштита од институциите на државата. Таков беше случајот со сексуалната злоупотреба на децата од О.У."Коле Неделковски". Впрочем, обелоденувањето на овој случај, делуваше охрабрувачки на поголем број деца, родители и наставници, да се осмелат да проговорат за насилството.

Во нашите напори да им помогнеме на децата, често соработуваме и се обраќаме до соодветните институции на државата (Министерствата, Полицијата, Заводите и сл.), Центарот за човекови права при ООН и секако SOS телефонот за жени и деца жртви на насилство, со цел на секое дете да му се обезбеди највисоката можна заштита. Исто така, со цел да се вклучиме во превентивните активности и текови на светски план, во Април 1996 година нашиот делегат, Проф. Д-р Стојан Алексиевски - невропсихијатар за деца и млади при Медицинскиот факултет во Скопје

учествуваше на Подготвителниот Регионален Конгрес во Стразбур, за или по повод Првиот Светски Конгрес Против Комерцијалната Сексуална Злоупотреба на Децата што се одржа од 27-31 Август ´96 година во Стокхолм, во организација на Европскиот Совет. Учеството на овие два значајни Конгреси ни овозможи следење на состојбите во светски рамки, проучување на искуствата и вклучување во светските текови за развивање на превенцијата од ова зло во Република Македонија.